Врз основа на член 25 од Статутот на Македонската Спортска Стрелачка Федерација, Управниот одбор на МССФ, на седницата одржана 25.09.2020, го донесе следниот:

**Бр.0202-340**
**25.09.2020 година**

# КОДЕКС
# ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТИСТИТЕ И ДРЖАВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

**Член 1**

Со овој Кодекс се уредува начинот на однесување и обврските на спортистите и Државните репрезентативци со нивното учеството на домашните и меѓународните натпревари организирани од МССФ.

**Член 2**

Секој спортист, член верификуван од страна на Стрелачки клуб и Државен репрезентативец претставник на МССФ, е должен да ги исполнува следните обврски:

- Задолжителен лекарски преглед;
- Редовно присуство на тренинзи, клубски подготовки и натпревари во согласност со планот на тренерот и селекторот;
- Исполнување на обврски кон државната репрезентација;
- Зачувување на здравјето;
- Задолжително почитување на кодексот на однесување;
- Плаќање на членарина во матичен клуб или обврски кон МССФ;
- Задолжително работење согласно планот и програмата на тренерот и селекторот;
- Обврска е сите спортисти, тренери, судии, родители и гледачи да ги третира со достоинство и почит. Со нив ќе комуницира учтиво и со почит, користејќи соодветен речник и тон. Нема да исмејува, да користи навредливи гестикулации или фалења кои ги навредуваат и понижуваат другите спортисти;
- Обврска е стрелецот да го контролира својот темперамент. Нема да провоцира противници, тренери, судии и навивачи. На секој тренинг и натпревар ќе демонстрира спортско однесување, добар карактер и фер плеј, со што ќе потенцира спортски однос кај натпреварувачите, тренерите, судиите и родителите;
- Обврска е фер да се однесува спрема сите присутни, без разлика на нивниот пол, етничко потекло, раса, религија;
- Обврска е да соработува со медицинскиот персонал во нивното настојување да се грижат за здравјето и благосостојбата на спортистот;
- Обврска е на секој тренинг, натпревар и состанок да доаѓа на време. Доцнење или недоаѓање може да се оправда само во случај на болест или други непредвидени околности;

- Обврска е да биде што е можно подобар спортист, така што ќе тренира адекватно на програмата на тренерот, селекторот и правилно ќе се храни, ќе го слуша тренерот, селекторот и ќе учи од него;
- Обврска е да ги почитува спортските правила, да се однесува спортски и достоинствено како при победа, така и при пораз;
- Обврска е да биде чесен, да не лаже, да не мами и да не краде;
- Обврска е да биде учтив/а, физички да не се пресметува со други, ниту да уништува туѓ имот;
- Обврска е да го почитува достоинството на другите, така што нема да ги вознемирува или злоставува на било кој начин;
- Обврска е да го заштити интегритетот на натпреварот, да не учествува во спортски кладење и „местење на резултати", и да избегнува секаков контакт, како и да ги пријави таквите лица;
- Обврска е да се залага за личен успех како и за успех на неговата екипа;
- Обврска е да се воздржи од конзумирање на алкохол или психотропни супстанци, а особено е забрането користење на истите на спортски натпревари, приредби и настани;
- Обврска е да не се допингува со средства за подобрување на резултати и ментална будност;
- Стрелецот треба да изрази и вложи труд кон дополнително запознавање со проблематиката на спортското стрелаштво и да се консултира со својот тренер, селектор за ставовите кои ќе ги применува/изменува.
- Меѓународните натпревари треба да се приоритет на секој стрелец и секое запоставување на спортските должности со туристички активности ќе биде санкционирано.

**Член 3**

За секое непочитување на наброените обврски во Член 2 на овој Кодекс, ќе се смета за дисциплински прекршок и за истиот ќе се поведе дисциплинска постапка.

**Член 4**

Договори за занимавање со спортско стрелаштво кои ги имаат потпишано спортистите со матичните клубови немаат важност кога спортистот учествува во Државната репрезентација или истиот од страна на селекторот е повикан да учествува на домашен или меѓународен натпревар.

**Член 5**

Толкувањето на овој Кодекс е во надлежност на Управниот одбор на Македонска Спортска Стрелачка Федерација;

**Член 6**

Овој Кодекс стапува на сила со денот на негово усвојување од страна на Управниот одбор на МССФ.

Битола 25.09.2020 година

Македонска Спортска Стрелачка Федерација
Претседател
Јордан Тасевски

МАКЕДОНСКА СПОРТСКА СТРЕЛАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ